ОПШТИНСКИ
ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр.12 Февруари - Март 2020

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk



## Започна реконструкција на А2 делница Крива Паланка – Деве Баир

Во Крива Паланка официјално отпочнаа градежните работи за модернизација на патниот правец до граничниот премин Деве Баир, преку изградба на трета лента. Со инвестиција од 13 милиони евра ќе се овозможи побезбеден и побрз транспорт на патници и стока кон соседна Бугарија.

Градоначалникот Борјанчо Мицевски, заедно со претседателот на Владата на РС Македонија, Оливер Спасовски, министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески, директорот на ЈПДП, Зоран Китанов, евро-амбасадорот Самуел Жбогар и директорот на канцеларијата на ЕБОР во Скопје Анди Аранитаси, извршија увид во отпочнувањето на градежните активности за рехабилитација и реконструкција на А2 делница Крива Паланка – Деве Баир.

Проектот е поддржан од Европската Унија и Програмата за инвестирање за Западен Балкан. Изведувач на градежните работи за реализација на овој значаен проект е економскиот оператор „Гранит“, а рокот за реализација е 24 месеци.



## Потпишана повелба за пријателство и соработка помеѓу град Жупања и Општина Крива Паланка

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски и градоначалникот на град Жупања, Давор Миличевиќ потпишаа повелба за пријателство и соработка.
Целата на ова ново пријателство меѓу двете општини е унапредување на взаемните односи, размена на искуства во насока на подобрување на економскиот, социјалниот и културниот развој, градење на блиски врски, размена на искуства и широка соработка на полето на културата, младите и спортот, како и во други области од општествениот живот, а се со цел, развој и благосостојба на локалните заедници.



## Потпишан договор за ревитализација на градскиот плоштад и парк

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски, го потпиша договорот за ревитализација на градскиот плоштад и парк.
Средствата во висина од 662.000 евра се обезбедени во рамките на проектот за локална и регионална конкурентност, финансиран со грант од Инструмент за претпристапна помош II на ЕУ (ИПА II) и ко-финансиран од Владата на Република Северна Македонија, администриран од страна на Светска Банка, преку доверителски фонд.



## Општина Крива Паланка ќе добие околу 1.000.000 евра за подобрување на локалната патна инфраструктура

Општина Крива Паланка ќе добие околу 1.000.000 евра за подобрување на локалната патна инфраструктура како дел од проектот „Македонија без кал“.

Со реализација на проектот ќе се санираат локални патишта и улици во должина од 450 километри во 80 општини и Град Скопје, со 70 милиони евра кредит од Светска банка.



## Реконструкцијата на стариот пат кон манастирот Свети Јоаким Осоговски

Во тек се  интензивни градежни активности за реконструкцијата и санација на стариот пат кон манастирот Свети Јоаким Осоговски.

Со реконструкцијата е предвидена обнова на коловозната конструкција и изведба  на комплетно нов слој асфалт со деблина од 7 см, поставување на нови рабници во должина од 2440 м, изработка на асфалтни риголи, надградба на постоечки банкини и изградба на потпорен зид во должина од 33 м.

Вкупната инвестиција за реализација на овој проект е околу 16.000.000 денари, а изведувач на градежните активности е СТОИМЕНОВ ДООЕЛ од Кочани.





## Изградба на локален пат во с. Голема Црцорија

*Инвестирање во инфраструктура во руралните средини*

Започна изградбата на локален пат во село Голема Црцорија, делница од асфалт маала Рупје, до маала Баратлици, со тенденција во наредниот период за поврзување со граничниот премин кон Голеш, Р Србија.

Средствата за реализација на овој проект се обезбедени од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, а изведувач на градежните работи е фирмата „Лабино трејд".

*Висината на оваа инвестиција е со вкупна вредност од 20.597.460 денари и вкупна должината на делницата од 2,5 км.*





## Започнува набавка и достава на опрема во рамки на проектот за регионално управување со отпад

Во општина Свети Николе,  министерот за животна средина и просторно планирање Насер Нуредини и  евроамбасадорот Самуел Жбогар се сретнаа со градоначалниците од Источниот и Северо-источниот плански регион и компанијата „Excelor Holding Group" од Р.Бугарија која е избрана како најповолен понудувач за набавка и достава на опремата за собирање и транспорт на комунален отпад.

На средбата се презентираше поддршката од ЕУ за 18-те општини од двата региони и општина Свети Николе за воспоставување на регионален систем за управување со отпад, која започнува со релизација на првиот договор за набавка на возила за собирање и транспорт на отпад.



Според договорот,  во рамки на проектот за регионално управување со отпад, ЈП Комуналец ќе добие три нови возила за смет.



## Се уредува градскиот стадион

***Подобра спортска инфраструктура, подобро здравје за сите***

Спортскиот комплекс во Крива Паланка наскоро ќе добие нов лик со изградбата на атлетска патека, терен за мини голф и скејт-парк.



Уредувањето се реализира како дел од проектот „Подобра спортска инфраструктура, подобро  здравје за сите",  финансиран од Амбасадата на Република Бугарија во РС Македонија.

Висината на инвестицијата за сите проектни активности изнесува околу 73.000 евра, со 25 % кофинансирање од страна на општината.



## Програмата ROMACTED ќе се спроведува во Крива Паланка

*Градоначалникот Борјанчо Мицевски оствари средба со проектниот менаџер на програмата ROMACTED Маркос Андраде, со проектните раководители и преставници на Асоцијацијата за демократски развој на Роми „Сонце“ од Тетово.*

На средбата беше презентирана заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа – Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво (ROMACTED), а се разговараше и за актуелната состојба на Ромите во општината, секојдневните проблеми со кои се соочуваат како и за начините за нивно решавање.

Општина Крива Паланка е една од општините во РС Македонија каде што ќе се спроведуваа програмата ROMACTED.



## Промовирана монографијата „Доајени на физичката култура и спорт во Крива Паланка“

Во Крива Паланка се одржа промоција на монографијата „Доајени на физичката култура и спорт во Крива Паланка“ од проф д-р Јордан Михајловски. Рецензент и промотор на ова значајна публикација беше м-р. Велин Стојановски.

Монографијата е всушност продолжение, или втор дел од веќе објавената публикација од истиот автор „Историја на спортот во Крива Паланка 1912-2018“ со што се заокружува една историска приказна за гензата на големата авнтура на спортот, која на овие простори трае повеќе од еден век.

Монографијата е објавена во соработка со здружение Регионален центар за одржлив развој „ЕГРИ“ и со поддршка на Здружението на пензионери Крива Паланка.



## Одржана конститутивна седница за Совет на млади во Крива Паланка

*Во Општина Крива Паланка беше одржана конститутивна седница на Совет на млади, неформално советодавно тело на Советот на Општина Крива Паланка, основано заради подобрување на положбата и решавањето на проблемите младите на локално ниво.*



Советот на млади брои 7 членови и е формиран од млади луѓе на возраст од 15 до 30 години, кои по објавен јавен повик беа избрани од страна на Комисијата за избор, верификација и именување при Советот на Општина Крива Паланка.



## Отворена општинска канцеларија за социјални работи

*Во просториите на Општина Крива Паланка беше пуштена во употреба канцеларија за социјални работи.*

Отварањето на канцеларијата е дел од мрежата на канцеларии што МТСП ги отвори во соработка со општините за да обезбеди директна поддршка за локалната власт во насока на обезбедување на еднаков пристап на сите граѓани до социјалните права и услуги.

Канцеларијата е опремена преку аплициран проект во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Меѓуопштинскиот центар за социјални работи.

## Во Крива Паланка успешно се реализира проектот „Цело е кога има се“

Негователи на стари и изнемоштени лица, образовни асистенти за лица со попреченост и еден масер-терапевт се ангажирани за поддршка на лицата од Крива Паланка во рамки на проектот „Цело е кога има се“.



Проектот е произлезен од програмата „Општинско корисна работа за 2019 година“, подржана од УНДП -Програма за развој при ОН, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување и Општина Крива Паланка и четврта година по ред успешно се спроведува на подрачјето на општината.



## Потпишан меморандум за соработка со Институтот за добро управување и евро-атлански перспективи

*Градоначалникот Борјанчо Мицевски потпиша Меморандум за соработка со претседателот на Институтот за добро управување и евро-атлански перспективи од Скопје, Бобан Кордалов.*

Со потпишувањето на овој Меморандум се воспоставува соработка помеѓу Институтот за добро управување и евро-атлански перспективи (ИДУЕП) и Општина Крива Паланка, а целта е да се промовираат добрите практики во сферата на доброто управување и евро-атланските перспективи и поттикнување на заложбите за транспарентност, дигитализација и двонасочна комуникација.



## Во Крива Паланка се одржа традиционаланата манифестација „Невестинско поклонение на Свети Теодор Тирон”

Во дворот на црквата Свети Теодор Тирон во с.Конопница, се одржа 11. издание на традиционалната културна манифестација „Невестинско поклонение на Св.Теодор Тирон“.

На манифестацијата учествуваа невести кои се венчале помеѓу двете Тодорови саботи и заедно со своите свекрви се поклонија пред светецот, со молитва за здравје и пород во семејството и примија благослов од страна на свештенослужителите од Кумановско-осоговската епархија, Кривопаланечко архиерејско наместништво, за проширување на нивните семејства.

Овој настан е во организација на РЗР ПАТНИК, а се оддржува под покровителство на Општина Крива Паланка и со поддршка на месната заедница на село Конопница, НУ Центар за култура и ЛУ Градски музеј, заедно со Македонска православна црква-Кумановско-осоговска епархија.



## Заменикот шеф на мисијата на САД во РС Македонија во посета на Крива Паланка

Во посета на општина Крива Паланка и СОУ „Ѓорче Петров“ беше заменикот шеф на мисијата во Амбасадата на САД во Северна Македонија, Џенифер Р. Литлџон.

Во рамки на посетата, заменикот шеф на мисијата, Џенифер Р. Литлџон имаше можност да се запознае со условите во кои учат средношколците од кривопаланечкиот регион, а воедно да се запознае и со работата на наставниот кадар.



## Работилница за антикорупциски политики и механизми на локално ниво

Во општина Крива Паланка се одржа работилница за подобрување на антикорупциските политики, механизми и практики во општината.
Целта на проектот е намалување на корупцијата преку подобрен интегритет на локалните институции со препораки за преземање мерки за надминување на утврдените слабости.

Работилницата се реализира од страна на НВО Инфоцентарот, во рамки на проектот „Рефлектор врз антикорупциските практики на локално ниво“, финансиски поддржан од УСАИД.



## Отворена изложбата на карикатура „100 најдобри дела“ од Меѓународен конкурс за карикатура „Невестинско поклонение“

Градоначалникот Борјанчо Мицевски ја отвори изложбата „100 најдобри дела“ од Меѓународниот конкурс за карикатура „Невестинско поклонение“, кој е авторски проект на Стојанче Величковски.

*Овогодинешниот конкурс е на тема **„Свадбени обичаи во светот“** и е поддржана од Министерството за култура и Општина Крива Паланка.*